ЗАПИСНИК
од 2-та седница на Комитет на совети при ЗЕЛС
Скопје 17 март, 2022 г.

Присутни:Трајко Славески, претседател на Совет на Град Скопје, Габриела Илиевска, претседател на Совет на Општина Битола, Сашо Донев, претседател на Совет на Општина Охрид.

Седницата на Комитетот на совети при ЗЕЛС го имаше следниов дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. **Запознавање со работата на Комитетот на совети при ЗЕЛС, обврски и активности;**
2. **Утврдени предизвици во работата на советите во општините;**
3. **Разно.**

Поради немање кворум, Претседателот на Комитетот на совети при ЗЕЛС констатираше дека нема можност за донесување на одлуки, но на средбата се дискутираше за воспоставување на натамошниот концепт на дејствување на оваа тело, а од страна на директорката Душица Перишиќ без запознаени со досегашниот начин на работа на Комитетот и со темите и иницијативите за кои се разговарало на претходните состаноци.

Присутните посочија на потребата од обезбедување на поголема самостојност во работењето на општинските совети. Истакнаа дека не е реткост претседателот на советот, па и советниците, да се соочат со игнорантски однос од општинската администрација и од градоначалникот и да не добијат соодветна професионална поддршка за спроведување на обврските. Разновидноста на областите за кои Советот треба да се гради ставови и да одлучува на седниците бараат неопходна претходна поддршка од професионални лица од областите што се во надлежност на локалната власт. Во таа насока тие посочија на потребата за организирање на соодветни обуки од страна на ЗЕЛС, пред се во областа на финансиското работење на локалната власт и донесување и следење на буџетот на општината.

Исто така, беа изнесени дилеми околу потребата за залагање за професионализација на советничката функција, по примерот на парламентарците во Собранието на РСМ, или пак, професионализација само на функцијата на претседателот на Советот. Дилема беше отворена и за прашањето за обезбедување на соодветна администрација која исклучиво ќе биде посветена на поддршка на работата на Советот на општината. Причините за ваквите размислувања советниците го образложија со се почестото соочување на можноста за блокирање на работењето на советот, поради забележителниот „раситнет“ состав на општинските совети со претставници од различни политички партии и групи избирачи, како и различноста меѓу политичката припадност на мнозинскиот дел од Советот со политичката припадност на градоначалникот, кој воедно раководи со општинската администрација. На средбата беа изнесени и други предизвици, како што е можноста дневниот ред да се

надополнува на самата седница, со што советот неподготвено се впушта во расправа или одлучување без претходна соодветна подготовка за дополнетата тема. Беше посочено дека поддршката од ЗЕЛС е од особена важност на општинските советници и дека активностите на Комитетот ќе одат во насока на обезбедување на генерално подобрување на функционирањето на овој многу важен орган на секоја единица на локалната самоуправа.

Скопје, 17 март 2022 година

Комитет на Совети при ЗЕЛС

Претседател

Трајко Славески